# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО



# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ ЗА 2023-2027 ГОДИНА

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

СКОПЈЕ
ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

| **Стратешки план за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2023-2027 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **Идентификатор на документот** | | **Важност за:** | 2023-2027 година |
| Стратешки план за работа и развој на АЦВ за 2023-2027 година | | **Датум на издавање:** | декември 2022 |
| **Статус** | | **Намена** | |
| Работен драфт | ☐ | Општа и јавна | ☒ |
| Драфт | ☐ | АЦВ интерна | ❐ |
| Предлог за издавање | ☐ | Ограничена | ☐ |
| Финално издание | ☒ | Верзија | 1 |
| **Документот доставен преку:** | Архива на Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија | | |
| **Изработил:** | Работна група формирана со Решение на Директорот архивски број 02 – 614/1 од 09.06.2022 година | | |
| | д-р Томислав Тунтев, директор | | |

Стратешкиот план за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: АЦВ), има за цел, да ги претстави развојните компоненти на АЦВ во период од 2023 до 2027 година, со цел, градење финансиски стабилна, кадровски екипирана со високо едуциран воздухопловен кадар, призната и почитувана воздухопловна власт како од домашните, така и од меѓународните воздухопловни субјекти.

Понатаму, страшкиот план има за цел да и овозможи на АЦВ низ цврсто поставени стратешки и развојни цели да биде целосно подготвена за соочување со предизвиците кои значат обезбедување стабилно, безбедно и сигурно цивилно воздухопловство, какво што му доликува на секој современ и европски профилиран општествен систем.

Идентификацијата на стратешките цели, поставени од менаџментот на АЦВ, се направени врз основа на сеопфатни анализи и истражувања на надворешните и внатрешните фактори, кои влијаат врз практичната имплементација на мисијата и визијата на АЦВ, кои па се креирани врз основата на досегашните нејзини практики и политики на работа.

Реализацијата, на поставените долгорочни цели, треба да се постигне преку идентификување на проекции и планови на годишно ниво, како и на конкретни активности за нивно реализирање кои треба да бидат реално остварливи, разумни, мерливи и со однапред утврдени рокови.

Покрај горенаведените критериуми, при утврдувањето на стратешките цели, раководството на АЦВ ги имаше во предвид и стратешките цели и барања кои произлегуваат од Глобалните планови на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: ICAO) за безбедност и обезбедување, како и Европскиот план и програма за безбедност во воздухопловството изготвени од страна на Европската Комисија, кои ги идентификуваат потребите како на воздухопловните власти, така и на субјектите на воздухопловната индустрија. Сето ова е во правец на максимално насочување на севкупните напори кон подобрување на безбедноста и обезбедувањето на цивилното воздухопловство, преку низа на меѓународно договорени приоритети, цели, активности и задачи.

Овој петгодишен план за работа и развој на АЦВ, треба да биде предмет на разгледување од страна на раководството на АЦВ, секоја година, како би се потврдила неговата конзистентност, актуелност и релевантност, бидејќи истиот треба да претставува рамка врз основа на која ќе се развиваат и имплементираат годишните планови за работа и развој на АЦВ. На овој начин, паралелно со зајакнувањето на капацитетите и функционалноста на АЦВ, ќе се обезбеди хармонизација и координација на

напорите за подобрување на безбедноста, капацитетот и ефикасноста на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија.

Развојните елементи претставени и утврдени во овој план, се планира да се реализираат во рамките на средствата кои се обезбедуваат согласно постоечките извори на финансирање на АЦВ кои се утврдени во Законот за воздухопловство, како и од  дополнителните средства кои се планира да се остварат преку воведувањето на нов надоместок од патничка такса за секој патник во заминување од аеродромите во Република Северна Македонија.

Директор на АЦВ<br>д-р Томислав Тунтев

Скопје, декември 2022 г

# СОДРЖИНА

СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО 2023-2027 .......... 6

Визија .......... 6

Мисија .......... 6

Политика за квалитет .......... 6

Политика за развој на цивилното воздухопловство на Република Северна Македонија и стратешки цели за нејзина реализација .......... 7

1. БЕЗБЕДНОСТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО .......... 9
2. ВОЗДУХОПЛОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И КАПАЦИТЕТ .......... 10
3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО .......... 11
4. ОЛЕСНУВАЊЕ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО .......... 12
5. ФУНКЦИОНАЛНОСТ И ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ .......... 13
6. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И КАДРОВСКА ПОЛИТИКА .......... 13
7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .......... 14
8. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .......... 15
9. ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ .......... 16

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО 2023-2027

## Улога на АЦВ

АЦВ е независно регулаторно тело со јавни овластување уврдени со Законот за воздухопловство. АЦВ е одговорна за регулирање на безбедносните аспекти на цивилното воздухопловство и економското регулирање на операторите на воздухоплов, аеродромите и давателите на услуги за воздухопловна навигација.

## Визија

Безбеден и ефикасен воздушен транспорт целосно интегриран во транспортната мрежа на Европа кој ќе придонесе за одржливиот развој на Република Северна Македонија.

## Мисија

Регулирање на активностите на воздушниот транспорт во Република Северна Македонија за да се постигне безбедно, сигурно, редовно, ефикасно, економски и еколошки одржливо национално цивилно воздухопловство, кое ќе биде во согласност со меѓународните стандарди, хармонизирано и интегрирано со Европската унија, во интерес на сите учесници, а особено кон заштита на патникот како краен корисник.

## Политика за квалитет

Политика на АЦВ е да создаде, имплементира и одржува систем за управување со квалитет во организацијата, преку кој се обезбедува целосна имплементација на стратешките цели и задачите на АЦВ, со цел да се гарантира безбедноста и конкуренцијата во цивилното воздухопловство, како и здравата животна средина во Република Северна Македонија.

За АЦВ како регулаторно тело, корисниците на нашите услуги се многу важни и затоа треба да се трудиме да обезбедиме најквалитетни услуги, подобрувајќи ја ефективноста и ефикасноста на нашата работа, следејќи ги нашите перформанси во однос на поставените цели и промовирајќи ја компетентноста, стручноста и секако вклученоста на вработените во сите работни процеси.

Дополнително, политиката на АЦВ е цивилното воздухопловство да стане средство за социјална и економска мобилност и катализатор на националната економија и благосостојбата на граѓаните, а воздушниот транспорт да биде олеснувач за европската интеграција и да обезбеди

пристап до меѓународните пазари на конкурентен, сигурен и безбеден начин.
Обврска на раководството и на секој вработен во АЦВ е постојано да се придржува до важечката легислатива и документираните работни процедури, опишани во Прирачникот за системот за управување, како и соодветните други документи кои произлегуваат од него.

## Политика за развој на цивилното воздухопловство на Република Северна Македонија и стратешки цели за нејзина реализација

При изготвувањето на овој стратешки план, а со цел дефинирање на политиката на развој на цивилното воздухопловство на Република Северна Македонија, АЦВ како појдовна основа ги зеде развојните компоненти кои се дефинирани во Националната транспортна стратегија 2018-2030 година на Република Северна Македонија.
Согласно овој стратешки национален документ, АЦВ треба да го осигури спроведувањето на регулаторните функции опишани во Анекс 19 на ICAO и Документот 9734 (Систем за надзор над безбедноста), како и другите функции поврзани со надзорот над почитувањето на законите, економскиот надзор, сообраќајните права итн. Преку спроведувањето на овие функции, АЦВ ќе обезбеди безбедно, сигурно, редовно, ефикасно, економично и еколошки одржливо национално цивилно воздухопловство, кое ќе биде во согласност со меѓународните стандарди и усогласено и интегрирано во Европската Унија.
Во овој контекст, вредно е да се напомене дека спроведувањето на регулаторните функции од страна на АЦВ е поддржано од страна на Здружените воздухопловни власти (JAA), Агенцијата на Европската Унија за безбедност во воздухопловството (во понатамошниот текст: EASA), ICAO и Европската конференција за цивилно воздухопловство (ECAC) преку организирање на континуирана-специјализирана обука за задолжително спроведување на заедничките безбедносни, сигурносни, еколошки и други стандарди од страна на воздухопловните власти, организирање на заеднички инспекции, оценски и верификациони мисии и слично.
Исто така, при изготвувањето на овој стратешки план, а согласно Националната транспортна стратегија 2018-2030 година на Република Северна Македонија, АЦВ има за цел цивилното воздухопловство да го развива во согласност со ТЕН-Т мрежите и Единствено Европско Небо (SES).
Република Северна Македонија ги промовира и регулира безбедноста на цивилното воздухопловство, како и обезбедувањето од дејствија на

незаконско постапување во земјата. За таа цел, АЦВ е посветена на развивање и спроведување на ефективни стратегии, регулаторни рамки и работни процеси за да се осигураме дека активностите на цивилното воздухопловство кои се под наш надзор го постигнуваат највисокото можно ниво.

Во согласност со горенаведеното, АЦВ со овој стратешки план ги утврдува своите стратешки цели за периодот од 2023 – 2027 година кои се однесуваат на подобрување, зајакнување или унапредување на следните области:

1. **Безбедноста во воздухопловството:** Оваа стратешка цел е фокусирана на регулаторната и надзорната функција на АЦВ

2. **Воздухопловна инфраструктура и капацитети:** Оваа стратешка цел е фокусирана на капацитетот и ефикасноста на навигациската и аеродромската инфраструктура.

3. **Обезбедување на воздухопловството:** Оваа стратешка цел е фокусирана на регулаторната и надзорната функција на АЦВ.

4. **Олеснување во воздухопловството:** Оваа стратешка цел е фокусирана на регулаторната и надзорната функција на АЦВ во делот на движењето на луѓе и стока по воздушен пат

5. **Функционална и финансиска независност:** Поттикнувањето на развојот на воздухопловниот систем во Република Северна Македонија е поврзан со зајакнување на статусот на АЦВ, како регулаторно тело кое е политички, финансиски и функционално независно од другите државни органи или субјекти кои вршат дејност од областа на воздухопловството,контролната средина и остварување на проекти за развој.

6. **Човечки ресурси и кадровска политика:** АЦВ согласно целите во Стратешкиот план, развојот на воздухопловството, дејноста која ја обавува и содржината на активностите, треба да обезбед организациона поставеност,високо ниво на компетентност на воздухопловните и стручни кадри на оптимално ниво.

7. **Меѓународна соработка:** Унапредување на соработката на АЦВ како со воздухопловните власти на другите држави, така и со меѓународните организации од областа на воздухопловството и

усогласување на домашната регулатива со регулативата донесена од меѓународните организации од областа на воздухопловството.

8. **Заштита на животната средина:** Намалување на влијанието на авијацијата врз животната средина, преку намалување на емисијата на штетни гасови и бучавата од воздухопловите. Оваа стратешка цел е фокусирана на имплементацијата на CORSIA во Република Северна Македонија.

9. **Информатичко комуникациски технологии:** Модернизирање на информациско-комуникациските технологии во АЦВ со цел оптимизирање и подобрување на работните процеси. Оваа стратешка цел вклучува дигитализација на работните процеси и крајните резултати од нив.

За секоја стратешка цел која е наведена погоре, раководството на АЦВ ги утврди следните очекувани резултати и активности кои треба да се преземат заради нивно постигнување:

## 1. Безбедност во воздухопловството

Оваа стратешка цел вклучува подобрување на безбедноста во воздухопловството преку зајакнување на способноста на АЦВ за **проактивно управување со ризиците** поврзани со воздухопловните активности на ниво кое е прифатливо. Дополнително, оваа цел вклучува зајакнување на регулаторната рамка преку постојано усогласување на националниот правен систем со прифатените меѓународни стандарди и препорачани практики.
За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се преземат следните активности:

- Воспоставување на национални воздухопловни стандарди кои се компатибилни со стандардите, препорачаните практики и процедури на ICAO и со законодавството на ЕУ поврзано со безбедноста во воздухопловството. Ова ќе се постигне преку редовно донесување, односно изменување на Законот за воздухопловство и Законот за облигациони и стварно-правни односи во воздушниот сообраќај, како и на подзаконските акти кои произлегуваат од нив.

- Реализација на активностите од првата фаза на Протоколот V од Меѓународниот договор за воспоставување на ЕВЗО преку преземање на координативни активности со надлежните министерства за реализација на преостанатите активности пред се од областа на работните односи, заштита на животната средина, државната помош и слично.
- Подобрување на квалитетот на вршење на иницијален и континуиран надзор над субјектите на воздухопловната индустрија.
- Подигнување на степенот на одговарање, односно пополнување на USOAP платформата.
- Идентификување на безбедносните трендови во цивилното воздухопловство и преземање на пристап заснован на проценка на ризикот кога се решаваат прашања од поголемо значење за безбедноста.
- Континуирано следење и мерење на безбедносните перформанси на нашиот воздухопловен систем преку безбедносни индикатори утврдени во Националната програма за безбедност.
- Соработка и консултација со воздухопловната индустрија заради издавање на безбедносни препораки со цел подигнување на нивото на безбедност.
- Охрабрување на персоналот во воздухопловството да пријавува настани со цел собирање безбедносни информации, анализа и размена меѓу субјекти на воздухопловната индустрија, со цел овие информации да се користат само за целите на унапредување на безбедноста.
- Промовирање на најдобрите безбедносни практики и позитивната безбедносна култура на организацијата во согласност со принципите на „праведната култура“.
- Промовирање на принципите на „праведна култура“ во индустријата.
- Имплементација на ЕУ Директива 96/67 за либерализација на пазарот за давање земски услуги.

## 2. Воздухопловна инфраструктура и капацитет

Оваа стратешка цел вклучува подобрување на капацитетот и ефикасноста на цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија преку унапредување на навигациската и аеродромската инфраструктура и

воведување на процедури со кои ќе се оптимизира воздухопловниот систем во Република Северна Македонија.

За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се преземат следните активности:

- Имплементирање на концептот на навигација заснована на перформанси (PBN).
  Имплементирање на U-space во воздушниот простор на Република Северна Македонија.
- Поддршка на правни и физички лица во насока на рехабилитација, односно градба на нови хелиодроми
- Континуирани активности за воведување во евиденција на препреките, нивно означување, како и зајакнување на активностите поврзани со планирање, користење и управување со земјиштето, на и во близина на аеродромите, а со цел заштита на воздушниот сообраќај од незаконски изградени препреки.
- Зголемување на капацитетите на АЦВ за надзор на препреките.

## 3. Обезбедување во воздухопловството

Оваа стратешка цел вклучува подобрување на способноста на АЦВ и на субјектите на воздухопловната индустрија во намалување на ризиците од постоечките и новите закани од можни дејствија на незаконско постапување, вклучувајќи и сајбер закани по цивилното воздухопловство.

За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се преземат следните активности:

- Воспоставување на национални воздухопловни стандарди кои се компатибилни со стандардите, препорачаните практики и процедури на ICAO, ECAC и со законодавството на ЕУ поврзано со обезбедувањето. Ова ќе се постигне преку редовно донесување, односно изменување на Законот за воздухопловство и подзаконските акти кои произлегуваат од него.
- Подобрување на квалитетот и квантитетот на вршење на иницијален и континуиран надзор над субјектите на воздухопловната индустрија.

- Подобрување на исполнетоста и усогласеноста со стандардите и препорачаните практики на ICAO, ECAC и ЕУ од областа на обезбедување во воздухопловството.
- Развивање на политика за справување со сајбер нападите.
- Соработка и консултација со воздухопловната индустрија заради издавање на оперативни директиви и прирачници за обезбедување со цел подигнување на нивото на обезбедување во воздухопловството.
- Промовирање на најдобрите практики, култура и свесност за обезбедување на персоналот во воздухопловната индустрија во согласност со принципите на „Security Culture“.
- Охрабрување на персоналот во воздухопловството да пријавува настани или сомнителни ситуации и однесувања, со цел предвремено собирање на информации за можни напади или закани, нивна анализа и размена на искуства меѓу надлежните институции и субјектите на воздухопловната индустрија, со цел овие информации да се користат за спречување на дејствија на незаконско постапување во воздухопловството.
- Исполнување и отстранување на сите забелешки и препораки констатирани со извештаите од последните целосни инспекции на ICAO и ECAC.
- Промовирање на обезбедувањето преку семинари и работилници.

## 4. Олеснување во воздухопловството

Оваа стратешка цел вклучува подобрување на способностите на АЦВ, другите надлежни органи, како и на субјектите на воздухопловната индустрија да го олеснат движењето на луѓе и стока по воздушен пат.
За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се преземат следните активности:

- Воспоставување на национални воздухопловни стандарди кои се компатибилни со стандардите, препорачаните практики и процедури на ICAO и со законодавството на ЕУ поврзано со олеснувањето во воздухопловството. Ова ќе се постигне преку редовно донесување, односно изменување на Законот за воздухопловство и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

- Преземање на мерки заради имплементација на API.
- Преземање на мерки за зголемена соработка на субјектите - учесници во цивилното воздухопловство со цел олеснување на движење на луѓе и стока по воздушен пат.
- Континуирана заштита и унапредување на правата на патници со намалена подвижност.
- Развивање, одржување и имплементирање на интегрирана апликација за униформно/стандардизирано водење на континуиран безбедносен надзор.

## 5. Функционалност и финансиска независност

Еден од основните предуслови за безбеден воздухопловен систем на една држава е да има јака воздухопловна власт. Од таа причина, како приоритет се наметнува прашањето за статусот на АЦВ, што подразбира негово зајакнување како регулаторно тело кое е политички, финансиски и функционално независно од другите државни органи или субјекти кои вршат дејност од областа на воздухопловството, а во согласнот со барањата од прифатените меѓународни стандарди од областа на воздухопловството. Дополнително, оваа стратешка цел е фокусирана на зајакнувањето на кадарот во АЦВ за да може да одговори на предизвиците како што се способноста да привлече, задржи и мотивира професионален кадар, преку стратегија за управување со човечките ресурси.
За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се остварат следните активности:

- Максимално залагање да се задржи самостојниот статус на АЦВ, односно спротивставување на проектот за реорганизација на државната управа или секоја друга идна иницијатива која ќе биде во спротивност со член 62 од ЕУ Регулативата 2018/1139 за независност на воздухопловните власти.
- Преземање на активности за изземање на вработените во АЦВ од Законот за административни службеници.

## 6. Човечки ресурси и кадровска политика

Еден од основните предуслови за безбеден воздухопловен систем на една држава е таа да има воздухопловна власт со високо стручен и компетентен кадар. Од таа причина, АЦВ донесе стратегија на човечки ресурси која

обезбедува унапредување на прифатените стандарди за управување со човечките ресурси, прилагодување на практичните проблеми со цел нивно надминување, идентификување и дефинирање на стратегиските приоритети во управувањето со човечките ресурси. Како битен дел од оваа стратегија за управување на човечки ресурси е обуката имајќи предвид дека квалификуваниот персонал во воздухопловството е еден од осумте клучни елементи на ефективниот систем за безбедносен надзор.

За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се остварат следните активности:

- Целосно усогласување на управувањето со човечките ресурси со одредбите од важечките прописи кои се однесуваат на Агенцијата, пред се во делот на работните компетенции;
- Дефинирање на работните места, согласно класификацијата на работните места;
- Воведување на управување со ефектот на вработените во Агенцијата;
- Планирање, развој и континуирано следење на обуката за вработените во согласност со потребите на Агенцијата;
- Усогласеност на управувањето со човечки ресурси со актуелните политики и практики на стратегискиот менаџмент на човечките ресурси согласно со Стратегијата за управување со човечки ресурси во АЦВ 2021-2025г.
- Изготвување на план за обука насочена кон развој на потребните компетенции за да им се овозможи на вработените максимално да ги искористат своите способности при извршување на работните задачи, а која ќе биде во функција на утврдените потреби.
- Максимално искористување на различните технички средства и фондови од ICAO, EASA, ECAC и ЕУ за организирање на обуки, работилници, семинари и слично.

## 7. Меѓународна соработка

Со напредокот на глобализацијата, се наметнува потребата од се поголема меѓународна соработка помеѓу меѓународните организации од областа на воздухопловстото, воздухопловните власти и субјектите на воздухопловната индустрија. Меѓународната соработка има за цел подигнување на нивото на безбедност во воздухопловството, обезбедување на слободно движење на персоналот, продуктите и услугите, меѓусебно признавање на исправите во воздухопловството, како и хармонизација и промовирање на меѓународните воздухопловни стандарди.

За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се остварат следните активности:

- <u>Понатамошно зајакнување на соработката со другите воздухопловни власти и субјектите на воздухопловната индустрија.</u>
- <u>Подобрување на имплементацијата на меѓународните договори, меморандумите за соработка и работните аранжмани.</u>
- <u>Иницирање на постапка за формирање на нова ротациона група која ќе ги застапува интересите на земјите во регионот во рамките на ECAC и пошироко.</u>
- <u>Иницирање на постапка за утврдување на правна рамка со која ќе се дефинираат условите за меѓусебно признавање на исправите кои се издадени од ECAA земјите во регионот.</u>
- <u>Зголемување на искористеноста на претпристапната помош од ЕУ преку поднесување на апликации за твиник проекти, TAIEX, IPA и слично.</u>

## 8. Заштита на животната средина

Посебен фокус во работењето на АЦВ во наредните пет години треба да биде имплементацијата на прифатените стандарди и препорачани практики на ICAO во однос на заштитата на животната средина. Во таа насока, потребно е Република Северна Македонија да вложи максимални напори за административно зајакнување како на АЦВ, така и на Министерството за животна средина и просторно планирање заради транспозиција на преземените обврски на меѓународно ниво за регулирање на оваа материја, а со цел заштита на амбиеталниот воздух од стакленичките гасови кои припаѓаат на воздухопловниот сектор.

За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се преземат следните активности:

- Воспоставување на национални стандарди кои се компатибилни со стандардите, препорачаните практики и процедури на ICAO и со законодавството на ЕУ поврзано со заштита на животната средина. Ова ќе се постигне преку донесување, односно изменување на Законот за клима и Законот за воздухопловство и на подзаконските акти кои произлегуваат од нив.
- Редовно ажурирање и имплементирање на Акцискиот план за CORSIA.

- Воспоставување на систем за пријавување и следење на емисијата на гасови од воздухопловите на операторите на воздухоплов на кои АЦВ им има издадено уверение за работа.
- Организирање на кампањи за промоција на користењето на обновливи извори на енергија од страна на операторите на воздухоплов.

## 9. Информатичко комуникациски технологии

Постигнувањето на претходно утврдените цели како и навременото и квалитетно извршување на надлежностите е во голема мера условено од имплементацијата на нови технологии во работните процеси во АЦВ. За таа цел, посебно внимание и финасиски средства треба да се посветат за модернизирање на информациско-комуникациските технологии со кои би се обезбедило оптимизирање и подобрување на работните процеси.

За таа цел, предвидено е во периодот од 2023-2027 година од страна на АЦВ, а во рамките на законски утврдените надлежности, да се преземат следните активности:

- Утврдување на ризици како и управување со ризици и настанати инциденти во АЦВ
- Обезбедување стандарди во изработка на апликациите за потребите на АЦВ, како и начинот на кој се чуваат и користат податоците со кои располага АЦВ;
- Развој на човечките капацитети и ИТ кадарот со кои располага АЦВ;
- Подготовка на планови, политики и процедури за непрекинато работење
    - Ризици и управување со ризици
    - Инциденти и управување со инциденти
    - Континуирано работење
    - Обезбедување на безбедноста на информациите во АЦВ

Составен дел на Стратешкиот концепт за работа и развој на АЦВ, е Акциониот план за реализација на утврдените стратешки цели, содржан во Анексот на планот.